АД РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА, СКОПЈЕ

Финансиски извештаи
за годината што завршува на
31 декември 2020 и
Извештај на независниот ревизор

СОДРЖИНА

	Страна
Извештај на независниот ревизор	1 – 2
Извештај за сеопфатната добивка	3
Извештај за финансиската состојба	4
Извештај за промените во главнината	5
Извештај за паричните текови	6
Белешки кон финансиските извештаи	7 – 26
Прилог 1 – Годишен извештај	
Прилог 2 – Годишна сметка	

Ул.11 Октомври 24-1/4,
1000, Скопје
Жиро сметка: 530010401789938
Даночен број: МК5080015505003
Депонент: Охридска банка АД, Скопје

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

ДО РАКОВОДСТВОТО И АКЦИОНЕРИТЕ НА АД РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА, СКОПЈЕ

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 3 - 26) на АД РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА, Скопје (во понатамошниот текст "Друштвото"), кои се состојат од извештај на финансиската состојба на ден 31 декември 2020 година и извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промените во главнината и извештајот за парични текови за годината што тогаш завршува и прегледот на значајни сметководствени политики и останати белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не и со цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

(продолжува)

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

ДО РАКОВОДСТВОТО И АКЦИОНЕРИТЕ НА АД РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА, СКОПЈЕ
(продолжение)

Мислење

Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на АД РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА, Скопје на ден 31 декември 2020 година како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш завршува во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија.

Обрнување на внимание

Ние обрнуваме внимание на Белешка 12 кон придружните финансиски извештаи, каде што е обелоденето дека земјиштето во износ од 8,070 илјади денари на 31 декември 2020 година вклучува земјиште во Општина Аеродром во износ од 6,224 илјади денари кое се однесува на градежно изградено земјиште со површина од 5,176 м^2, како и земјиште под згради со вкупна површина од 5,011 м^2. Согласно имотнитниот лист, ова земјиште претставува сосопственост со друго друштво - РИ ЕНЕРГЕРИКА ДОО Скопје, во кој што не е дефиниран соодветниот дел на сопственост, односно поделба на земјиштето помеѓу двете друштва. Друштвото ќе направи напори за превземање активности за уредување и запишување на деловите на сопственост помеѓу двете друштва согласно законските прописи. На крајот на периодот на известување не може да се одреди соодветната сопственост на земјиштето помеѓу двете друштва. Нашето мислење не е модификувано во однос на ова прашање.

Извештај за други правни и регулаторни барања

Раководството на Друштвото е одговорно за изготвување на годишниот извештај (прилог 1 кон финансиските извештаи) и годишната сметка (прилог 2 кон финансиските извештаи) во согласност со Законот за трговски друштва и истите беа прифатени и одобрени од раководството, поднесени во Централниот регистар на Република Северна Македонија на 12 март 2021 година. Наша одговорност е да издадеме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај со годишната сметка и финансиски извештаи на Друштвото. Ние ги извршивме нашите постапки во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија и Меѓународниот стандард за ревизија 720 – Одговорности на ревизорот во врска со други информации во документи кои содржат ревидирани финансиски извештаи. Според наше мислење историските финансиски информации обелоденети во годишниот извештај се конзистентни со годишната сметка и приложените ревидирани финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2020 година.

ТП Ранѓеловиќ, Скопје

Ненад Ранѓеловиќ
Управител

РАНЃЕЛОВИЌ
Ненад Слободан Ранѓеловиќ
СКОПЈЕ

Ненад Ранѓеловиќ
Овластен ревизор

Скопје
7 април 2021 година

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА
За годината што завршува на 31 декември 2020 година
(Во илјади денари)

	Белешка	31 декември 2020	31 декември 2019
Приходи			
Приходи од дејноста	6	32,565	29,361
		32,565	29,361
Расходи			
Потрошени материјали и енергија	7	(397)	(358)
Трошоци за вработените	8	(1,352)	(1,335)
Амортизација	12	(577)	(573)
Останати оперативни трошоци	9	(4,532)	(4,677)
		(6,858)	(6,943)
Добивка од деловно работење		25,707	22,418
Расходи приходи за камати, нето		-	-
Нето финансиски расходи			
Удел во добивка на придружени ентитети	13	3,761	6,796
Добивка пред оданочување		29,468	29,214
Данок на добивка	10	(1,267)	(1,575)
Нето добивка за годината		28,201	27,639
Останата сеопфатна добивка			
- Вреднување на вложувања во финансиски средства расположливи за продажба		5,858	26,106
- Добивка од вложувања во финансиски средства расположливи за продажба, рециклирана низ добивката и загубата		(11,918)	(9,666)
- Учество во останата сеопфатна добивка на придружени ентитети		(3,409)	2,702
Вкупна сеопфатна добивка за годината		18,732	46,781
Основна заработка по акција (во денари)	11	137	134

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

Овие финансиски извештаи беа прифатени и одобрени од раководството на Друштвото на ден 26 февруари 2021 година.

Одобрено од,
Одбор на директори на АД Раде Кочар – Апаратна Техника

Извршен директор
Лазаревски Татјана

Менаџерско друштво за проектирање и производство на електронски производи и опрема РАДЕ КОНЧАР АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје 1

Сметководство
Кастор-консалтинг дооел Скопје

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНАСИСКАТА СОСТОЈБА
На 31 декември 2020 година
(Во илјади денари)

	Белешка	31 декември 2020	31 декември 2019
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Недвижности и опрема	12	44,768	44,837
Вложувања во придружени ентитети	13	130,495	137,623
Финансиски средства расположливи за продажба	14	122,805	126,796
Вкупно нетековни средства		298,068	309,256
Тековни средства			
Побарувања од купувачи	15	114	57
Останати побарувања	16	5,918	7,084
Пари и парични еквиваленти	17	26,739	21,074
Вкупно тековни средства		32,771	28,215
ВКУПНО СРЕДСТВА		330,839	337,471
ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ			
ГЛАВНИНА			
Акционерски капитал	18	211,974	211,974
Законски резерви		27,612	27,612
Останати резерви		53,699	63,168
Акумулирана добивка		3,452	1,898
Добивка за годината		28,201	27,639
Вкупно главнина		324,938	332,291
Тековни обврски			
Обврски спрема добавувачи	19	78	75
Останати тековни обврски	20	5,823	5,105
Вкупно тековни обврски		5,901	5,180
ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ		330,839	337,471

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА
За годината што завршува на 31 декември 2020 година
(Во илјади денари)

	Акционер. капитал	Законски резерви	Ревалориз ациони резерви	Останати резерви	Акумулир. добивка	Вкупно
Состојба, 1 јануари 2019	275,385	27,612	44,026	-	24,188	371,211
Дивиденди	-	-	-	-	(22,290)	(22,290)
Намалување на акционерскиот капитал	(63,411)	-	-	-	-	(63,411)
Добивка за годината	-	-	-	-	27,639	27,639
Останата сеопфатна добивка						
- Вреднување на вложувања во финансиски средства расположливи за продажба	-	-	26,106	-	-	26,106
- Добивка од вложувања во финансиски средства расположливи за продажба, рециклирана низ добивката и загубата	-	-	(9,666)	-	-	(9,666)
- Учество во останата сеопфатна добивка на придружени ентитети	-	-	2,702	-	-	2,702
Состојба, 31 декември 2019	211,974	27,612	63,168	-	29,537	332,291
Дивиденди	-	-	-	-	(26,085)	(26,085)
Добивка за годината	-	-	-	-	28,201	28,201
Останата сеопфатна добивка						
- Вреднување на вложувања во финансиски средства расположливи за продажба	-	-	5,858	-	-	5,858
- Добивка од вложувања во финансиски средства расположливи за продажба, рециклирана низ добивката и загубата	-	-	(11,918)	-	-	(11,918)
- Учество во останата сеопфатна добивка на придружени ентитети	-	-	(3,409)	-	-	(3,409)
Состојба, 31 декември 2020	211,974	27,612	53,699	-	31,653	324,938

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
За годината што завршува на 31 декември 2020 година
(Во илјади денари)

	Белешка	31 декември 2020	31 декември 2019
Парични текови од оперативни активности			
Добивка пред оданочување		29,468	29,214
Усогласување за:			
Амортизација		577	573
Приходи од дивиденди-од неповрзани друштва		(7,470)	(7,153)
Приходи од дивиденди – Придружени ентитети		(10,397)	(7,462)
Удел во добивката на придружени ентитети		(3,761)	(6,796)
Реализирани добивки од продажба на финансиски средства расположиви за продажба		(12,290)	(12,410)
		(3,873)	(4,034)
Намалување / (зголемување) на побарувања од купувачи и останати побарувања		1,055	(810)
Зголемување на обврските кон добавувачите и останатите тековни обврски		296 ,	261
Платен данок на добивка		(1,088)	(1,918)
Нето одливи за оперативни активности		(3,610)	(6,501)
Парични текови од инвестициони активности			
Прилив од намалување на удел во придружен ентитет		7,480	-
Приливи од продажба / (одливи за набавка) финансиски средства расположливи за продажба, нето		10,095	(5,301)
Приливи од дивиденди од неповрзани друштва		7,470	7,153
Приливи од дивиденди од придружени ентитети		10,397	7,462
Одливи за набавка на опрема		(507)	(90)
Нето приливи од инвестициони активности		34,935	9,224
Парични текови од финансиски активности			
Исплатени дивиденди		(25,660)	(20,485)
Исплатено на акционерите по основ на намалување на акционерски капитал		-	(63,411)
Нето одливи користени за финансиски активности		(25,660)	(83,896)
Нето зголемување / (намалување) на пари и парични еквиваленти		5,665	(81,173)
Пари и парични еквиваленти на 1 јануари	17	21,074	102,247
Пари и парични еквиваленти на 31 декември	17	26,739	21,074

Белешките кон финансиските извештаи се интегрален дел од овие финансиски извештаи и треба да се читаат во врска со истите.

БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ
31 декември 2020

1. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ

АД Раде Кончар – Апаратна техника – Скопје е запишано во Трговскиот регистар во рамките на Централниот регистар на РМ со целосен назив: Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА – Скопје, со кратко име: АД Раде Кончар-АПАРАТНА ТЕХНИКА-Скопје, со седиште на: бул. 3-та Македонска бригада бб, општина Аеродром, Скопје и ЕМБС 4053222.

Основната дејност на Друштвото согласно податоците од ЦРМ во тековната состојба е: 6420-дејности на холдинг-друштвата односно: холдинг на останати придружни ентитети (Друштва со ограничена одговорност).

Бројот на вработени во Друштвото на 31 декември 2020 година е 1 вработен (31 декември 2019: 1 вработен).

2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Овие финансиски извештаи, во сите материјални износи се подготвени во согласност со Законот за трговски друштва (објавен во Службен весник на РМ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и 195/18) и Правилникот за водење сметководство (Издадени во Службен весник на РМ бр. 159/2009 и 164/2010), каде што беа објавени Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ), од МСФИ 1 до МСФИ 8, Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) од МСС1 до МСС 41, Толкувањата на Комисијата за толкување на меѓународно финансиско известување (КТМФИ) од КТМФИ 1 до КТМФИ 17 и Толкувањата на Постојниот комитет за толкување ПКТ од ПКТ7 до ПКТ 32, кои беа издадени. МСФИ 9, МСФИ 10, МСФИ 11, МСФИ 12, МСФИ 13, МСФИ 15, МСФИ 16, МСФИ 17, КТМФИ 18, КТМФИ 19, КТМФИ 20 и КТМФИ 21, КТМФИ 22 и КТМФИ 23 не се вклучени во Правилникот за водење сметководство и не се применети од страна на Друштвото. МСФИ (вклучувајќи го и МСФИ1), беа првично објавени во Службен весник во 1997 година и оттогаш беа неколку пати ажурирани.

Последното ажурирање беше во декември 2010 година.

Друштвото ги применува сите релевантни стандарди, измени и толкувања кои се објавени во Службен весник на Република Северна Македонија.

Финансиските извештаи се составени во согласност со принципот на набавна вредност, освен ако не е поинаку наведено во сметководствените политики кои се дадени во натамошниот текст.

Во составувањето на овие финансиски извештаи Друштвото ги применува сметководствените политики наведени во белешката 3.

Износите содржани во финансиските извештаи на Друштвото се прикажани во илјади македонски денари. Денарот претставува официјална валута на известување во Република Северна Македонија.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИТЕ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

3.1 Признавање на приходи

Приходи од давање на услуги

Друштвото евидентира приходи од услуги. Приходите се евидентирани со примена на принципот на фактичност на настаните, односно се евидентираат во моментот на нивното настанување. Приходите се евидентирани по фактурна вредност, намалена за одобрените попусти.

Приходи од дивиденди

Дивидендите од вложувањата класифицирани како финансиски средства расположливи за продажба се признаваат како приходи во добивката и загубата за годината во моментот кога е утврдено правото на Друштвото да го прими плаќањето.

3.2 Износи искажани во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви на Народна Банка на Република Северна Македонија кои важат на денот на трансакцијата. Нето позитивните или негативните курсни разлики се вклучени во добивката и загубата во периодот кога настанале. Средствата и обврските кои гласат на странска валута се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви кои важат на крајот на периодот на известување.

3.3 Вложување во придружени ентитети

Вложувањата во придружени ентитети претставуваат вложувања во субјекти во кои Друштвото има значајно влијание и кое не претставува ниту подружница, ниту учество во заедничко вложување. Значајно вложување е моќта да се учествува во одлуките за финансиските и оперативните политики на стекнатиот ентитет, но не претставува преовладувачка контрола или заедничка контрола врз тие политики. Вложувањата во придружени ентитети претставуваат вложувања во капиталот на субјекти во кои што Друштвото поседува повеќе од 20% од капиталот.

Вложувањата во придружени ентитети се евидентираат со користење на методата на главнина, според која вложувањето во придружни ентитети првично е признаено според набавната вредност и сметководствената вредност се зголемува или намалува за да се признае учеството на вложувачот во добивката или загубата на стекнатиот ентитет по датумот на стекнување. Распределбите примени од стекнатиот ентитет ја намалуваат сметководствената вредност на вложувањето. Вложувањата во придружени ентитети на 31 декември 2020 година претставуваат капитална инвестиција во Раде Кончар-Контактори и релеи ДОО, Скопје (40% сопственост), Раде Кончар-Заеднички дејности ДОО, Скопје (40% сопственост).

3.4 Финансиски инструменти

Финансиските средства и финансиските обврски се признаваат во моментот кога Друштвото станува страна во договорните обврски по овој инструмент. Финансиските средства и финансиските обврски иницијално се евидентирани по објективната вредност.

3.4.1 Вложувања во хартии од вредност расположливи за продажба

Вложувања расположливи за продажба вклучуваат вложувања во акции на друштва каде Друштвото нема контрола и значајно влијание. Вложувања во хартии од вредност расположливи за продажба се признаваат по набавна вредност, вклучувајќи ги и трошоците за трансакцијата.

3.4.2 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од готовина во благајна и пари во банки. За цели на извештајот за паричните текови, парите и паричните еквиваленти вклучуваат и орочени депозити во банки кои може брзо да се конвертираат во познат износ на пари и се подложени на незначителен ризик од промена на нивната вредност.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИТЕ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

3.4 Финансиски инструменти (продолжение)

3.4.3 Побарувања од купувачи

Побарувањата од купувачи се недеривативни финансиски средства со фиксни или однапред одредени плаќања со кои не се тргува на активен пазар. Побарувањата од купувачи (вклучувајќи ги побарувањата од купувачи и другите побарувања, сметки во банките и готовината) се прикажуваат по амортизирана набавна вредност со употреба на метод на ефективна стапка, намалени за загуба поради оштетување.

Друштвото врши исправка на вредноста на побарувањата од купувачите секогаш кога постојат објективни докази дека побарувањата не можат да се наплатат. Исправката на вредност се евидентира на индивидуална основа, според проценката на Раководството на Друштвото за наплатливиот износ на секое побарување, кое е поединечно оценето како обезвреднето.

Сметководствената вредност на побарувањата од купувачите се намалува преку сметката за исправка на вредноста. Кога едно побарување се смета за ненаплатливо се отпишува во корист на сметката за исправка на вредноста. Последователните наплати на побарувањата претходно отпишани се евидентираат преку намалување на сметката за исправка на вредност. Промените во сметководствената вредност на сметката за исправка на вредност се признава во добивката и загубата.

3.4.4 Обврски кон добавувачи и останати обврски

Обврските кон добавувачите и другите обврски се прикажуваат според објективната вредност, при што по иницијалното признавање обврските последователно се водат по амортизирана набавна вредност.

Метода на ефективна камата е метода на пресметување на амортизирана набавна вредност на финансиската обврска и на распределба на трошокот од камата во текот на релевантниот период. Ефективната каматна стапка е стапката која точно ги дисконтира очекуваните идни парични плаќања или примања во текот на очекуваниот животен век на инструментот или, до нето сметководствената вредност на финансиската обврска, при иницијалното признавање.

3.5 Недвижности и опрема

Недвожностите и опремата се евидентираат според набавната вредност, намалена за акумулираната амортизација и акумулираните трошоци за обезвреднување.

Амортизацијата се пресметува според пропорционалниот метод, со цел набавната вредност на опремата да се амортизира во текот на проценетиот век на употреба. Во продолжение се дадени годишни стапки за амортизација, применети на некои позначајни ставки од опремата:

	2020	2019
Градежни објекти	1,25%	1,25%
Канцелариска и друга опрема	20%	20%
Компјутери	25%	25%
Мебел	25%	25%

Кога средствата кои се предмет на амортизација се ставаат вон употреба, или на било кој начин се отуѓуваат, соодветната набавна вредност и исправката на вредноста се искнижуваат од соодветните сметки. Капиталните добивки или загуби остварени со отуѓувањата се евидентираат како останати приходи или деловни расходи, соодветно.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИТЕ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

3.6 Оданочување

Тековен данок на добивка

Данокот на добивка се пресметува согласно одредбите на релевантните законски прописи во Република Северна Македонија. Плаќањето на месечниот данок се врши аконтативно. Крајниот данок по стапка од 10% се пресметува на утврдената добивка од извештајот за сеопфатната добивка, коригирана за одредени ставки согласно законските одредби. Овие корекции главно се однесуваат на зголемување на даночната основа за одредени трошоци кои не се признаваат за целите на оданочувањето.

Пресметувањето и плаќањето на данокот на добивка за фискалната 2019 и 2018 година, Друштвото го извршува согласно измените во Законот за данокот на добивка, односно 10% на остварената добивка, вклучувјќи го и даночниот ефект на приходи и трошоци кои се неоданочиви или неодбитни при утврдувањето на оданочивата добивка.

Одложен данок на добивка

Одложениот данок се признава на разликата помеѓу сметководствената вредност на средствата и обврските во финансиските извештаи и нивната соодветна даночна основа употребена при пресметката на оданочливата добивка, и се евидентира со примена на методот на обврска.

Одложените даночни обврски се признаваат за сите оданочливи временски разлики и одложено даночно средство се признава за сите одбитни временски разлики и тоа во обем во кој што постои веројатност дека ќе постои добивка којашто ќе биде предмет на оданочување и во однос на која ќе може да се искористат временските разлики како одбитна ставка.

Одложените даночни средства и обврски се вреднуваат според даночните стапки кои се очекува да се применат во периодот во кој обврските се исплатени или средствата се реализирани, а произлегуваат од пропишаните даночни стапки (и закони за даноци) коишто важат на крајот на периодот на известување.

3.7 Користи за вработените

Придонесите за здравствено, пензиско и социјално осигурување од бруто плати и нето платите се плаќаат од страна на Друштвото во текот на годината според законските прописи. Ваквите придонеси претставуваат дефинирани планови за бенефиции и се признаваат како трошок кога вработените извршуваат услуги. Не постојат дополнителни обврски според овие планови.

Друштвото има обврска за исплаќање отпремнина при пензионирање на вработените, во висина на двократен износ од просечно исплатената нето плата во Република Северна Македонија, како и јубилејни награди, согласно годините на работен стаж на вработените во Друштвото. Друштвото евидентира резервации за отпремнини за пензионирање и јубилејни награди со цел да ги алоцира таквите трошоци по периоди за коишто истите се однесуваат. Согласно МСС 19 отпремнините за пензионирање и јубилејните награди претставуваат дефинирани користи по исполнување на условите. Сметководствената вредност на обврските на Друштвото кои произлегуваат од овие користи за вработените се пресметуваат на крајот на периодот на известување. Состојбата на овие обврски на крајот на периодот на известување го претставува износот на дисконтираните плаќања што ќе се направат во иднина.

3.8 Трансакции со поврзани субјекти

Поврзани субјекти се оние каде едниот субјект има учество во другиот субјект или има значајно влијание во донесувањето на финансиските и деловните одлуки на другиот субјект.

Поврзани субјекти се Раде Кончар - Контактори и релеи ДОО, Скопје, и Раде Кончар -Заеднички дејности,ДОО Скопје, во кои Акционерското друштво нема преовладувачко влијание.

4. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРОЦЕНКИ И ПРЕТПОСТАВКИ

Презентацијата на финансиските извештаи бара користење на најдобро можни процени и разумни претпоставки од страна на раководството на Друштвото, кои имаат ефекти на презентираните вредности на средствата и обврските и обелоденувања на потенцијалните побарувања и обврски на денот на составување на финансиските извештаи, како и на приходите и расходите настанати во периодот на известување. Овие проценки и претпоставки се засновани на информациите кои се расположливи на денот на составување на финансиските извештаи, а идните стварни резултати можат да се разликуваат од проценетите износи. Значајните проценки и претпоставки се како што следува:

Објективна вредност

Објективната вредност на финансиските инструменти кои не котираат на активните пазари се определува со користење на интерни техники за вреднување. Друштвото применува професионално расудување при изборот на соодветните техники за вреднување. Техниките кои се користени при вреднувањето на објективната вредност на финансиските инструменти се прикажани во Белешка 20.9.

Корисен век на средствата

Раководството на Друштвото го одредува проценетиот корисен век и соодветниот трошок за амортизација на материјалните и нематеријалните средства. Соодветноста на проценетиот корисен век се анализира секогаш кога постојат индикации за значајни промени во користените претпоставки, како што се предвидениот технолошки развој, факторите кои влијаат на економијата во поширокото опкружување и индустријата.

Обезвреднување на финансиските средства

Обезвреднување на сомнителните побарувања се заснова врз проценетите загуби кои потекнуваат од неможноста на купувачите да ги исполнат своите договорни обврски. Методите кои се користат при проценката на адекватноста на загубите поради оштетувањето за сомнителните побарувања се старосната структура на побарувањата и историјата на отпис на побарувањата, кредитната способност на купувачите како и промените во услови за плаќање на купувачите. Проценките ги вклучуваат и претпоставките за идното однесување на купувачите и идните готовински наплати. Доколку финансиската состојба на купувачите се влоши, реалните отписи на сегашните побарувања може да бидат поголеми од очекуваните, при што тие може да го надминат тековното ниво на евидентираните резервации за загуби поради оштетување.

5. ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ТРАНСАКЦИИ

Економската криза предизвикана од КОВИД-19

Во текот на Март 2020 Светската Здравствена Организација го прогласи КОВИД-19 како глобална пандемија. Ефектите од оваа пандемија прераснаа во глобална економска криза. До сега оваа глобална криза имаше ограничено влијание врз финансиската позиција и резултатите од работењето на Друштвото, одразено преку негативното влијание на светските пазари на капитал и намалувањето на вредноста на одредени финансиски инструменти на берзите.

Влошувањето на економската состојба во земјата ќе има најверојатно влијание врз финансискиот сектор и останати оперативни ризици, како што се исполнувањето на обврските од страна на добавувачите и ограничувањето на работните ангажмани од страна на вработените.

Овие финансиски извештаи содржат значајни проценки, вклучувајќи ги мерењата по објективна вредност на финансиските средства и исправката на вредноста на побарувањата. Исто така, Раководството на Друштвото анализираше дали постојат настани кои што може да индицираат обезвреднување на средствата. До датумот на одобрување на овие финансиски извештаи не се идентификувани вакви настани. Стварните резултати може да отстапуваат од овие проценки.

Во периодот кој што завршува на 31 декември 2020 година, Друштвото не користеше никаква помош и поддршка од страна на Државата.

Клучен приоритет на Друштвото во 2020 година ќе биде изнаоѓање начини и средства за непречено функционирање на Друштвото, прилагодено на промените во економското опкружување. Ова може да има последователно влијание на мерењето по објективна вредност во 2020 година, како и во други области кои бараат проценки од страна на раководството.

Раководството на Друштвото верува дека претпоставката за континуитет на Друштвото е соодветна и дека Друштвото ќе продолжи да функционира според принципот на континуитет.

6. ПРИХОДИ ОД ДЕЈНОСТА

	Во илјади денари За годината што завршува на 31 декември 2020	 31 декември 2019
Приходи од услуги во земјата	233	224
Приходи од префактурирани услуги	302	264
Приходи од наем	1,843	1,849
Приходи од дивиденди	7,469	7,152
Приходи од дивиденди - Придружени ентитети	10,397	7,462
Реализирани добивки од продажба на финансиски средства расположливи за продажба	12,291	12,410
Останати приходи	30	-
	32,565	29,361

7. ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИЈА

	илјади денари За годината што завршува на 31 декември 2020	 31 декември 2019
Канцелариски и други материјали	26	17
Потрошена електрична енергија	213	232
Потрошена вода	126	77
Трошоци за огрев	32	32
	397	358

8. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

	Во илјади денари За годината што завршува на 31 декември 2020	 31 декември 2019
Нето плати	886	881
Придонеси од плати	378	367
Персонален данок	88	87
	1,352	1,335

9. ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

	Во илјади денари За годината што завршува на 31 декември 2020	 31 декември 2019
Комуникациски услуги	46	45
Трошоци за одржување	-	35
Трошоци за наем	270	284
Други услуги	324	338
Надомест за членови на Одбор на директори	1,681	1,681
Репрезентација	51	163
Премии за осигурување	31	28
Банкарски провизии	25	34
Договор на дело	573	656
Отпис на долгорочни побарувања		-
Правни, адвокатски, нотарски услуги	231	695
Останати трошоци	1,300	718
	4,532	4,677

10. ДАНОК НА ДОБИВКА

Износот на данокот на добивка за тековната година може да биде усогласен со добивката согласно извештајот за сеопфатна добивка на следниот начин:

	Во илјади денари За годината што завршува на 31 декември 2020	31 декември 2019
Добивка пред оданочување	29,468	29,214
Даночен ефект на приходи и трошоци кои се неоданочиви или неодбитни при утврдувањето на оданочивата добивка	1,067	1,152
Намалување на даночна основа за дивиденди остварени со учество во капиталот на друг даночен обврзник	(17,867)	(14,614)
Основица за данок на добивка	12,668	15,752
Данок на добивка по стапка од 10%	1,267	1,575
Ефективна стапка за данок на добивка	4.30	5.39

Пресметувањето и плаќањето на данокот на добивка за фискалната 2020 година и 2019 година, Друштвото го извршува согласно измените во Законот за данокот на добивка, односно 10% на остварената добивка, вклучувајќи го и даночниот ефект на приходи и трошоци кои се неоданочиви или неодбитни при утврдувањето на оданочивата добивка, како и намалување на даночната основица за дивиденди оданочени кај исплатувачот.

11. ЗАРАБОТКА ПО АКЦИЈА

Заработката по акција е пресметана кога нето добивката за годината, која е на располагање на акционерите, се подели со пондерираниот просечен број на акциите кои биле издадени во текот на годината.

Пресметката на пондерираниот просечен број на акции во текот на годините што завршуваат на 31 декември 2020 и 2019 година е како што следи:

	Број на издадени обични акции	Денови од датум на издавање во однос на вкупен број на денови	Просечен пондериран број на обични акции
Од 1 јануари 2020 до 31 декември 2020	206,230	366/366	206,230
Вкупно на 31 декември 2020	206,230	366/366	206,230
Од 1 јануари 2019 до 31 декември 2019	206,230	365/365	206,230
Вкупно на 31 декември 2019	206,230	365/365	206,230

Заработката по акција е пресметана како што следува (нето добивка во илјади денари, основна заработка по акција – во денари).

11. ЗАРАБОТКА ПО АКЦИЈА (продолжение)

Заработка по акција е пресметана кога нето добивката за годината, која што може да им се припише на имателите на акции, се подели со пондерираниот просечен број на акциите кои биле издадени во текот на годината.

	Во илјади денари За годината што завршува на 31 декември 2020	31 декември 2019
Нето добивка за имателите на обични акции	28,201	27,639
Просечен пондериран број на обични акции	206,230	206,230
Основна заработка по акција (во денари)	137	134

12. НЕДВИЖНОСТИ И ОПРЕМА

Движењето на опремата во 2020 година е како што следи:

Во илјади денари

	Земјиште	Градежни објекти	Опрема	Вкупно
Набавна вредност				
Состојба,1јануари 2019	8,070	43,385	314	51,769
Набавки	-	-	89	89
Состојба,31декември 2019	8,070	43,385	403	51,858
Состојба,1јануари 2020	8,070	43,385	403	51,858
Набавки	-	489	19	508
Состојба,31декември 2020	8,070	43,874	422	52,366
Исправка на вредноста				
Салдо на 1 Јануари 2019	-	6,213	235	6,448
Амортизација за 2019	-	542	31	573
Салдо на 31 Декември 2019	-	6,755	266	7,021
Салдо на 1 Јануари 2020	8,070	6,755	266	7,021
Амортизација за 2020	-	546	31	577
Салдо на 31 Декември 2020	8,070	7,301	297	7,598
Сметководствена вредност, 31 декември 2020	8,070	36,573	125	44,768
Сметководствена вредност, 31 декември 2019	8,070	36,630	137	44,837

Земјиштето во износ од 8,070 илјади денари на 31 декември 2020 година (31 декември 2019: 8.070 илјади денари) вклучува земјиште во Општина Аеродром во износ од 6,224 илјади денари (31 декември 2019 година: 6,224 илјади денари) кое се однесува на градежно изградено земјиште со површина од 5,176 м^2, како и земјиште под згради со вкупна површина од 5,011 м^2. Согласно имотнитниот лист, ова земјиште претставува сосопственост со друго друштво - РИ ЕНЕРГЕРИКА ДОО Скопје, во кој што не е дефиниран соодветниот дел на сопственост, односно поделба на земјиштето помеѓу двете друштва. Друштвото ќе направи напори за превземање активности за уредување и запишување на деловите на сопственост помеѓу двете друштва согласно законските прописи. На крајот на периодот на известување не може да се одреди соодветната сопственост на земјиштето помеѓу двете друштва.

Дополнително, во Имотниот лист во кој е запишано земјиштето, запишани се прибелешки и товари во постојната катастарска евиденција кои исклучиво се однесуваат на делот на сопственост на РИ ЕНЕРГЕРИКА ДОО Скопје, како сосопственик и не задираат во правото на сопственост на делот на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, а што е утврдено од Агенцијата за катастар за недвижности –Центар за катастар на недвижности-Скопје во писмениот допис бр.1147-3026/2 од 28.03.2017 година. Согласно ова, Раководството на друштвото смета дека не постои било каков ризик по однос на сопственичкиот дел на Друштвото.

13. ПРИДРУЖЕНИ ЕНТИТЕТИ

	Во илјади денари 31 декември		Во % 31 декември	
	2020	2019	2020	2019
Вложување во Раде Кончар - Контактори и релеи ДОО, Скопје	91,546	88,708	40%	40%
Вложување во Раде Кончар - Заеднички дејности ДОО, Скопје	38,949	48,915	40%	40%
	130,495	137,623		

Движењето на вложувањата во придружени ентитети за годината што завршува на 31 декември 2020 година е како што следи.

	Раде Кончар – Контактори и релеи	Раде Кончар – Зеднички дејности	Во илјади денари Вкупно
На 1 јануари 2020 година	88,708	48,915	137,623
Намалување за примени дивиденди од придружени ентитети	(5,337)	(5,060)	(10,397)
Учество во добивка на придружни ентитети	2,838	923	3,761
Учество во добивка на придружни ентитети – дивиденда	5,337	5,060	10,397
Удел во добивка на придружени ентитети	2,838	923	3,761
Учество во останата сеопфатна добивка на придружни ентитети	-	(3,409)	(3,409)
Намалување на вредноста на капиталот во Раде Кончар-Заеднички дејности ДОО	-	(7,480)	(7,480)
На 31 декември 2020 година	91,546	38,949	130,495

Движењето на вложувањата во придружени ентитети за годината што завршува на 31 декември 2019 година е како што следи

	Раде Кончар – Контактори и релеи	Раде Кончар – Зеднички дејности	Во илјади денари Вкупно
На 1 јануари 2019 година	85,325	42,800	128,125
Намалување за примени дивиденди од придружени ентитети	(5,200)	(2,262)	(7,462)
Учество во добивка на придружни ентитети	3,383	3,413	6,796
Учество во добивка на придружни ентитети – дивиденда	5,200	2,262	7,462
Удел во добивка на придружени ентитети	3,383	3,413	6,796
Учество во останата сеопфатна добивка на придружни ентитети	-	2,702	2,702
На 31 декември 2019 година	88,708	48,915	137,623

13. ПРИДРУЖЕНИ ЕНТИТЕТИ (продолжение)

Сумираните финансиски информации за придружните ентитети на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2020 година се како што следи.

	Во илјади денари	
	Раде Кончар – Контактори и релеи	Раде Кончар – Зеднички дејности
Вкупни средства	287,158	100,394
Вкупни обврски	58,294	2,908
Приходи	218,637	37,290
Добивка за годината	21,369	16,467

14. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА РАСПОЛОЖЛИВИ ЗА ПРОДАЖБА

	Во илјади денари	
	31 декември 2020	31 декември 2019
Акции во Комерцијална банка АД, Скопје	58,397	73,128
Акции во Уни банка АД, Скопје	9,600	4,898
Акции во Стопанска банка АД, Скопје	2,863	3,004
Акции во Македонски Телеком АД, Скопје	628	640
Акции во Гранит Скопје	16,784	11,263
Акции во Алкалоид ад Скопје	26,414	23,800
Акции во ТТК банка Скопје	2,735	3,147
Акции во Прилепска пивара Прилеп	3,300	4,101
Акции во Македонија турист АД, Скопје	2,084	2,815
	122,805	126.796

15. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

	Во илјади денари	
	31 декември 2020	31 декември 2019
Побарувања од купувачи во земјата	114	57
	114	57

16. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

	Во илјади денари	
	31 декември 2020	31 декември 2019
Побарувања за повеќе платени даноци	5,918	7,084
	5,918	7,084

17. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

	Во илјади денари	
	31 декември 2020	**31 декември 2019**
Пари во банки во денари	26,719	21,069
Пари во благајна во денари	20	5
	26,739	21,074

18. АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ

а) Акционерски капитал

Акционерскиот капитал на Друштвото на 31 декември 2020 и 2019 се состои од 206.230 целосно уплатени обични акции со номинална вредност од 20 евра по акција на 31 декември 2020 година и 20 евра по акција на 31 декември 2019 година. Сопствениците на обични акции имаат право на дивиденда и имаат право на еден глас по акција на Генералното Собрание на Друштвото, како и право на еднакво учество во случај на ликвидација на Друштвото.

Сопственичката структура на акционерскиот капитал на Друштвото на 31 декември 2020 и 31 декември 2019 е како што следи:

Сопственици	***Вид на акции***	**Број на акции**		**Во %**	
		31 декември		**31 декември**	
		2020	**2019**	**2020**	**2019**
Физички лица	Обични акции	158,631	157,804	76.92	76.51
Правни лица	Обични акции	47,599	48,426	23.08	23.49
		206,230	206,230	100.00%	100.00%

Друштвото првично има запишано акционерски капитал со регистрација во Судскиот Регистар на 31 декември 1996 година во износ од 9,890,104 германски марки, односно 263,413 илјади денари по курсот на германската марка на денот на уписот од 26,634 денари / германска марка. Последователно во сметководствената евиденција на Друштвото беа евидентирани зголемувања на акционерскиот капитал и тоа: 5.798 илјади денари за пренос на земјиште од друго друштво, 6,069 илјади денари како исплатена дивиденда во акции, и останати зголемувања во вкупен износ од 105 илјади денари. Со замената на германската марка со евро во Судскиот Регистар е извршена промена на вредноста на акционерската главнина од 9,890,104 германски марки во 5,056,725 евра, користејќи го официјалниот курс на конверзија на германската марка во евра од 1.9559 германски марки / евро. На 18 февруари 2006 година Друштвото врши регистрација во Трговскиот Регистар на Централниот Регистар на Република Северна Македонија. При тоа извршена е конверзија на претходно запишаниот акционерски капитал од 5,056,725 евра, во 314,319 илјади денари, со користење на курсот на еврото во однос на денарот на тој датум, кој курс се разликува од ефективниот курс на денарот во однос на германската марка, односно еврото, на датумот на првиот упис во Сурскиот регистар. Дополнително во текот на 2019 година се намали основната главнина на Друштвото за износ од 63,411 илјади денари и тоа со намалување на номиналната вредност на акцијата. На тој начин акционерската главнина на Друштвото на 31 декември 2019 година и на 31.декември 2020 година запишана во Централниот Регистар на Република Северна Македонија изнесува 250,908 илјади денари.

б) Законски резерви

Во согласност со локалната законска регулатива, Друштвото е обврзано секоја година да издвојува задолжителна резерва, која се формира по пат на зафаќање на 5% од нето добивката. Издвојувањето се врши се до моментот додека резервата не достигне износ кој е еднаков на една десеттина од основната главнина. До достигнување на законскиот минимум, оваа резерва може да се користи само за покривање на загуба, а кога ќе го надмине предвидениот минимум, вишокот може да се користи за исплата на дивиденди.

19. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ

	Во илјади денари	
	31 декември 2020	31 декември 2019
Обврски кон добавувачи во земјата	78	75
	78	75

20. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ ОБВРСКИ

	Во илјади денари	
	31 декември 2020	31 декември 2019
Обврски за данок на добивка		
Обврски за придонеси и даноци од плата	-	72
Обврски кон вработените	-	213
Обврски по основ на учество во резултатот	5,823	4.820
	5,823	5.105

21. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

21.1 Управување со капитален ризик

Друштвото управува со капиталот за да се обезбеди дека ќе продолжи да работи и во иднина според принципот на континуитет преку настојување да постигне оптимален баланс помеѓу долговите и вкупната главнина.

Структурата на капиталот на Друштвото се состои од уплатен капитал, законски резерви, останати резерви и акумулирана добивка.

Показател на задолженост

Раководството ја следи структурата на изворите на финансирање на Друштвото на годишна основа. Како дел од ова следење, Раководството ги анализира трошокот на капиталот и ризиците поврзани со секоја одделна класа на капиталот.

Показателот на задолженост на 31 декември 2020 и 2019 година е како што следува:

	Во илјади денари	
	31 декември 2020	31 декември 2019
Вкупни кредити	-	-
Пари и парични еквиваленти (Белешка 17)	26,739	21,074
Нето долг	-	-
Главнина (белешка 18)	324,938	332,291
	0.00%	0.00%

21. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

21.2 Значајни сметководствени политики поврзани со финансиските инструменти

Деталите поврзани со значајните сметководствени политики и методи, како и критериумите и основите за признавање на приходите и трошоците за сите класи на финансиските средства и финансиски обврски се обелоденети во Белешка 3 кон овие финансиски извештаи.

	Во илјади денари	
	31 декември 2020	31 декември 2019
Финансиски средства		
Финансиски средства расположливи за продажба	122,805	126,796
Пари и парични еквиваленти	26,739	21,074
Побарувања од купувачи	114	57
	149,658	147,927
Финансиски обврски		
Обврски кон добавувачи	78	75
	78	75

21.3 Цели на управување со финансиските ризици

Финансиските ризици го вклучуваат пазарниот ризик (девизен ризик и каматен ризик), кредитен ризик и ликвидоносен ризик. Финансиските ризици се следат на временска основа, и се избегнуваат првенствено преку намалувањето на изложеноста на Друштвото на овие ризици. Друштвото не користи било какви специјални финансиски инструменти за да ги избегне овие ризици затоа што ваквите инструменти не се во широка употреба во Република Северна Македонија.

21.4 Пазарен ризик

Во текот на своето работење Друштвото е изложено првенствено на финансиските ризици од промена на курсот на странските валути и каматните стапки.

Изложеноста на пазарниот ризик се следи преку анализата на сензитивноста. Немаше промена во изложеноста на Друштвото на пазарните ризици или начинот на кој Друштвото управува или го мери ризикот.

21.5 Управување со девизниот ризик

Друштвото е изложено на девизен ризик првенствено од парите и паричните еквиваленти, како и од побарувањата од купувачи и обврските спрема добавувачите кои се деноминирани во странски валути. Друштвото не употребува посебни финансиски инструменти за намалувањето на овој ризик бидејќи таквите инструменти не се вообичаени во употреба во Република Северна Македонија.

Анализа на сензитивноста на странски валути

На 31 декември 2020 и 31 декември 2019 година Друштвото не е изложено на ризик од промена на девизни курсеви.

21.6 Управување со каматниот ризик

Изложеноста на Друштвото на пазарен ризик од промени на каматните стапки се однесува единствено на краткорочните депозити со променлива каматна стапка. Овој ризик зависи од финансиските пазари и Друштвото нема некои практични средства за намалување на истиот.

21. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

21.6 Управување со каматниот ризик (продолжение)

Сметководствената вредност на финансиските средства и финансиските обврски на крајот на годината е како што следува:

	Во илјади денари	
	31 декември 2020	**31 декември 2019**
Финансиски средства		
Некаматоносни:		
- Финансиски средства расположливи за продажба	122,805	126,796
- Пари и парични еквиваленти	26,739	21,074
- Побарувања од купувачи	114	57
	149,658	147,927
Финансиски обврски		
Некаматоносни:		
- Обврски спрема добавувачи	78	75
	78	75

Анализа на сензитивноста на каматни стапки

Анализата на сензитивноста е одредена врз основа на изложеноста на Друштвото на промена на каматните стапки на финансиските инструменти на денот на извештајот за финансиската состојба. За финансиските инструменти со варијабилни каматни стапки, анализата е изготвена под претпоставка дека износите на крајот на годината биле непроменети во текот на целата година. При изготвувањето на анализата на сензитивноста на промените на каматните стапки, користено е зголемување или намалување на каматните стапки за 2 процентни поени, што претставува разумна процена на раководството за можните промени на каматните стапки.

Друштвото не е изложено на ризик од промена на каматни стапки на 31 декември 2020 година.

21.7 Управување со кредитниот ризик

Кредитниот ризик се однесува на ризикот од неисполнување на договорените обврски од страна на деловните партнери, што би резултирало со финансиски загуби за Друштвото. Друштвото, главно соработува со успешни и кредитоспособни компании.

Друштвото користи јавно достапни финансиски информации и истите со сопствени методи ги обработува заради оценка на кредитната способност на значајните купувачи. Изложеноста на Друштвото спрема одредени купувачи, како и кредитниот рејтинг на купувачите постојано се под мониторинг со цел да се намали ризикот од ненаплатливост на најниско ниво.

Сметководствената вредност на финансиските средства презентирани во овие финансиски извештаи ја претставува максималната изложеност на друштвото на кредитен ризик. Финансиските средства не се обезбедени со било каков колатерал.

Структурата на побарувањата од купувачите на 31 декември 2020 година е како што следува:

	Во илјади денари		
	Бруто изложеност	**Исправка на вредноста**	**Нето изложеност**
Недоспеани побарувања	114	-	114
Доспеани но необезвреднети побарувања	-	-	-
Доспеани и обезвреднети побарувања	-	-	-
	114	-	114

21. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

21.7 Управување со кредитниот ризик

Структурата на побарувањата од купувачите на 31 декември 2020 година е како што следува:

Во илјади денари

	Бруто изложеност	Исправка на вредноста	Нето изложеност
Недоспеани побарувања	57	-	57
Доспеани но необезвреднети побарувања	-	-	-
Доспеани и обезвреднети побарувања	-	-	-
	57	-	57

21.8 Управување со ликвидносниот ризик

Табели за ликвидоносен и каматоносен ризик

Следните табели детално ја прикажуваат преостаната договорна доспеаност на недериватните финансиски обврски. Табелите се изготвени врз основа на недисконтираните готовински текови на финансиските обврски.

Во илјади денари
31 декември 2020

	Просечна пондерирана ефективна каматна стапка	До 1 месец	Од 1-3 месеци	Од 3 месеци до 1 година	Од 1-5 години	Над 5 години	Вкупно
Некаматоносни	0%	114	-	-	-	-	114
		114	-	-	-	-	114

Во илјади денари
31 декември 2019

	Просечна пондерирана ефективна каматна стапка	До 1 месец	Од 1-3 месеци	Од 3 месеци до 1 година	Од 1-5 години	Над 5 години	Вкупно
Некаматоносни	0%	57	-	-	-	-	57
		57	-	-	-	-	57

21. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

21.9 Објективна вредност на финансиските инструменти

Објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски е одредена на следниот начин:

- објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски со стандардни услови, со кои се тргува на активните ликвидни пазари, се одредува врз основа на котираните пазарни цени;
- објективната вредност на останатите финансиски средства и обврски (со исклучок на дериватите) се одредува во согласност со општо прифатените модели на вреднување кои се базираат на анализа на готовинските текови, со користење на цени од објавените тековни пазарни трансакции и понудени цени од деловните партнери за слични инструменти.

а) Сметководствена вредност во споредба со објективна вредност

Сметководствената вредност во споредба со објективната вредност за годините што завршуваат на 31 декември 2020 и 2019 е како што следува:

Во илјади денари

	31 декември 2020		31 декември 2019	
	Сметковод. вредност	**Објективна вредност**	**Сметковод. вредност**	**Објективна вредност**
Финансиски средства				
- Финансиски средства расположливи за продажба	122,805	122,805	126,796	126,796
- Пари и парични еквиваленти	26,739	26,739	21,074	21,074
- Побарувања од купувачи	114	114	57	57
	149,658	149,658	147,927	147,927
Финансиски обврски				
- Обврски спрема добавувачи	78	78	75	75
	78	78	75	75

б) Претпоставки користени при одредувањето на објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски

Со оглед на фактот дека не постои доволно пазарно искуство, стабилност и ликвидност за купувањата и продажбите на финансиските средства и обврски, како и со оглед на тоа дека не постојат објавени пазарни информации, за целите на обелоденувањата поврзани со објективната вредност на финансиските средства и обврски, Друштвото ја користеше техниката на анализа на дисконтираните готовински текови. При ваквата техника на вреднување се користат каматните стапки за финансиски инструменти со слични карактеристики, со цел да се добијат релевантни проценки на цените од тековните пазарни трансакции. Врз основа на извршеното вреднување утврдено е дека не постои значајно отстапување на нивната сметководствена вредност во однос на нивната објективна вредност. Вложувањата во подружници и придружни ентитети го претставуваат уделот на Друштвото во вкупниот капитал на подружниците и придружните ентитети на крајот на претходниот период на известување.

21. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

21.9 Објективна вредност на финансиските инструменти (продолжение)

в) Нивоа на објективна вредност на финансиски инструменти, мерени по објективна вредност

Хиерархија на објективната вредност

Друштвото ги класификува сите финансиски средства и финансиски обврски мерени по објективна вредност, со користење на хиерархија на објективна вредност, којашто ја рефлектира значајноста на инпутите користени во одредувањето на објективната вредност.

Хиерархијата на објективната вредност ги опфаќа следниве нивоа:

Ниво 1 - Објективната вредност е утврдена со директна примена/повикување на котирана пазарна цена на финансиските инструменти на активен пазар;

Ниво 2 - Објективната вредност е утврдена со примена на техники за вреднување коишто содржат инпути од активни пазари, кои што можат да бидат директни, односно цени, или индиректни, односно извлечени од цени;

Ниво 3 - Објективната вредност е утврдена со примена на техники за вреднување коишто содржат инпути коишто не можат директно или индиректно да се следат на активните пазари, односно не се видливи.

Во периодот немаше трансфери помеѓу нивоата на објективна вредност.

Следната табела прикажува анализа на финасиските инструменти кои по иницијалното признавање се вреднувани по објективна вредност, групирани од Ниво 1 до Ниво 3, врз основа на степенот до кој објективната вредност може да биде се следи, односно да биде видлива.

Во илјади денари
31 декември 2020

	Објективна вредност	Ниво 1	Ниво 2	Ниво 3
Средства мерени според објективната вредност				
Финансиски средства расположливи за продажба	122,805	122,805	-	-
	122,805	122,805	-	-

Во илјади денари
31 декември 2019

	Објективна вредност	Ниво 1	Ниво 2	Ниво 3
Средства мерени според објективната вредност				
Финансиски средства расположливи за продажба	126,796	126,796	-	-
	126,796	126,796	-	-

22. ДАНОЧЕН РИЗИК

Во Република Северна Македонија тековно во сила се неколку даночни закони, кои се воведени од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија. Овие даноци вклучуваат: данок на додадена вредност, данок на добивка, персонален данок на доход и останати даноци. Освен тоа, регулативите кои се однесуваат на овие даноци не беа на сила подолг период, спротивно на сличната легислатива во развиените пазарни економии. Дополнително, регулативите кои ја дефинираат имплементацијата на овие закони, често се нејасни или воопшто не постојат. Постојат спротивставени мислења, кои се однесуваат на правното толкување на регулативата, помеѓу различни министерства и државни организации. На тој начин се креираат неизвесности, како и правни конфликти. Даночните биланси, вклучувајќи ги и сите останати полиња на даночна регулатива (како што се увозните царини), можат да бидат предмет на преглед и контрола од неколку соодветни даночни власти, кои можат да проценат значајни казни и пенали.

Толкувањето на даночната легислатива од страна на даночните власти, применета врз трансакциите и активностите на Друштвото, може да не коинцидира со толкувањата на Раководството. Како резултат на тоа, трансакциите можат да бидат оспорени од даночните власти и од Друштвото може да биде побарано да плати дополнителни даноци, пенали и камати, кои можат да бидат значајни. Документацијата на Друштвото останува отворена за контрола од страна на даночните и царинските власти, за период од пет години. Ова практично значи дека даночните власти можат да одредат плаќање на дополнителни обврски во период од пет години од настанувањето на даночната обврска. Горенаведените објаснувања создаваат даночни ризици во Република Северна Македонија, кои се суштински позначајни од оние кои се вообичаени во земјите со повеќе развиени даночни системи.

23. СУДСКИ СПОРОВИ

На датумот на одобрување на овие финансиски извештаи Друштвото е вклучено во следниве судски спорови

-Судски спор по тужба за надомест на штета, поднесена од АД Раде Кончар-Апаратарна техника како Тужител, против управителот на ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи-Антевски Аце, по чл. 241 од ЗТД заради настанатата штета по основа на штетно работење на формираното друштво, Смелт – ИНГ, Скопје, исплата на неосновано зголемена плата, неосновани исплати по договори на дело, советодавни услуги со ДООЕЛ Раде Кончар-ТЕП и сл. Вредноста на овој спор според тужбеното барање е 23.230.846,00 денари. Овој спор е делумно завршен со правосилна судска одлука на Апелациониот суд ГЖ.бр.1542 / 15 од 20.01.2016 година во корист на Тужителот-АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје и наплатен е износ од 8.969.098,00 денари. До Врховниот суд на РМ поднесоа ревизија и Тужителот и Туженот. Врховниот суд на РМ на 13.09.2017 година донесе Пресуда Рев 2 183/2016 со која Ревизијата на Тужниот ја одби како неоснована со што го потврди пресудениот и наплатениот дел, а Ревизијата на Тужителот ја уважи при што предметот го врати на повторно одлучување пред првостепениот суд, во одбиениот дел. При повторното одлучување Првостепениот и Второстепениот суд го одбија во овој дел тужбеното барање, за што АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје поднесе ревизија до Врховниот суд, каде постапката е во тек.

-Тужба поднесена од АД Раде Кончар-Апаратарна техника, против управителот на ДОО Раде Кончар-Сервис и поправка на електрични производи-Антевски Аце и управителот на ДООЕЛ Раде Кончар-ТЕП-Антевски Горан, во вредност на спор наведен во тужбата во износ од 4.907.443,00 денари, за надомест на штета согласно со чл.241 од ЗТД, која произлегува од неосновано исплатени плати, награди, договори на дело и други исплати кои произлегуваат од менаџерските договори. Постапката е во тек.

-Тужба поднесена против управителот на ДОО Раде Кончар - Сервис и поправка на електрични производи Скопје-Антевски Аце и управителот на ДООЕЛ Раде Кончар ТЕП-Антевски Горан, за надомест на штета во износ од 15.849.186,00 денари, по член 241 од ЗТД која што произлегува од продажбата на акциите издадени од АД Раде Кончар Апаратна техника и од Записник на УЈП за извршена надворешна контрола на ДДВ кај ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи Скопје, со која контрола од страна на УЈП беше утврден неевидентиран промет од 26.790.210 денари. Постапката е во тек.

24. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СТРАНИ

Сите трансакции со поврзаните страни се прикажани како што следува:

	Во илјади денари	
	31 декември 2020	**31 декември 2019**
Побарувања		
Раде Кончар – Контактори и релеи ДОО, Скопје	-	-
Раде Кончар – Заеднички дејности ДОО, Скопје	-	-
	-	-
Обврски		
Раде Кончар – Контактори и релеи ДОО, Скопје	-	28
Раде Кончар – Заеднички дејности ДОО, Скопје	-	-
	-	28

25. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви кои беа применети за прикажување на позициите деноминирани во странска валута на 31 декември 2020 и 2019 година се следните:

	Во денари	
	31 декември 2020	**31 декември 2019**
УСД	50.2353	54.9518
ЕУР	61.6940	61.4856

ПРИЛОГ 1 – ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО
РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА
С К О П Ј Е

ИЗВЕШТАЈ

НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА-СКОПЈЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО ДЕЛОВНАТА 2020 ГОДИНА

Скопје, февруари, 2021

Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, на својата седница одржана на ден 26 февруари 2021 година , го утврди следниот

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА - СКОПЈЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО ДЕЛОВНАТА 2020 ГОДИНА

ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Акционерското друштво е запишано во Трговскиот Регистар во рамките на Централниот Регистар на РМ со целосен назив: Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА – Скопје, со скратен назив: АД РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје, со седиште на Бул. 3-та Македонска бригада бб, општина Аеродром, Скопје и ЕМБС 4053222.

Приоритетна дејност на Друштвото е под шифра 64.20 - Дејности на холдинг друштвата.

Вкупната главнина на Акционерското друштво изнесува: 4.124.600 ЕВРА

АКЦИОНЕРСКА КНИГА

На ден 31.12.2020 година во Акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност состојбата е следна:

ИСИН број МКРАДЕ101010

Вкупен број на акции: 206.230 обични акции и номинална вредност на акцијата: 20 евра.

- Вкупен номинален капитал 4.124.600 ЕВРА
- Од увидот во Акционерската книга која се води во Централниот депозитар за хартии од вредност во групата која се води како акционери со непотполни податоци (неидентификувани) има вкупно 465 акции што претставува 0,225% од вкупниот број на акции.
- Број на иматели на акции заклучно со 31.12.2020 година изнесува 630.
- Број на сопственички позиции 633.

ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРИХОДИ

Основните приходи, Акционерското друштво во текот на 2020 година, ги оствари преку:

- Дивиденда од удел во друштвата во Раде Кончар во кои АД има влог
- Дивиденда од хартии од вредност (акции) во други друштва
- Капитална добивка од тргување со хартии од вредност
- Издавање на деловен простор
- Услуги на друштвата во рамките на Раде Кончар

-Друштва од кои во текот на 2020 година се остварени приходи од дивиденда

Во текот на 2020 година остварени се приходи од дивиденди во износ од 17.867.065,00 денари, и тоа од :

	Денари
ДОО Раде Кончар-Контактори и релеи	**5.336.736**
ДОО Раде Кончар-Заеднички Дејности	**5.060.527**
ТТК Банка АД Скопје	**222.200**
Комерцијална Банка АД Скопје	**6.050.000**
Алкалоид АД Скопје	**720.000**
Гранит АД Скопје	**333.300**
Телеком	**30.802**
Македонија турист	**113.500**
Вкупно	**17.867.065**

- Во 2020 година деловниот простор, сопственост на АД Раде Кончар-Апаратна техника- Скопје, се издаваше под закуп.

АД Раде Кончар - Апаратна техника во текот на 2020 година, ја одржа ликвидноста на друштвото, ги подмири сите тековни трошоци, давачки спрема државата, исплати дивиденда на акционерите на АД и влгови на акционерите по основ на намалување на основната главнина како и ги затвори сите побарувања од друштвата во кои имаше свои влогови.

Со тргување со акции на Македонската Берза, Акционерското друштво оствари добивка од 12.290.649 денари.

ПОЛИТИКИ НА ВЛОЖУВАЊЕ

Акционерското друштво се стреми кон вложување во различни профитабилни хартии од вредност со што од досегашното вложување во хартии од вредност, АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, заклучно со 31.12.2020 година поседува акции од: Комерцијална Банка АД-Скопје, Стопанска Банка АД-Скопје, Уни Банка АД-Скопје, ТТК Банка АД-Скопје, АД Алкалоид-Скопје, АД Гранит-Скопје, Македонија Турист АД-Скопје, Телеком АД-Скопје и Прилепска пивара АД-Скопје.

ПОЛИТИКА НА ДИВИДЕНДИ

Во 2020 година, друштвото ги реализираше своите обврски, вклучувајќи ја и исплатата на дивиденда на акционерите. Одборот на директори се стреми да изнајде и други извори на приход со цел да го зголеми капиталот на друштвото, а воедно да остварува и поголеми добивки, како и да одржи континуитет во досегашниот начин на приходување од дивиденда од друштвата во кои АД има свои удели.

Доколку друштвото успее да оствари поголеми приходи во наредниот период (остварување на поголеми приходи по основ на дивиденда од друштвата во кои има акции и удели, а особено од реализација на судски предмети, евентуална продажба на објектот, остварување на капитална добивка и следствено на тоа остварување на поголема добивка), Одборот на директори ќе се залага за распределба на поголема дивиденда на акционерите.

ИЗГЛЕДИ ЗА ИДЕН РАЗВОЈ

Својата долгорочна политика друштвото ја носочува кон зголемување и оплодување на капиталот и приходување на средства кои ќе се вложат во пласман на капитал, како и во евентуално развивање нови дејности. Дополнително друштвото очекува зголемување на приходите и по друг основ како што е издавање на деловен простор или евентуална негова продажба, како и реализација на судски предмети.

ПРИМАЊА НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ВО 2020 ГОДИНА

Во деловната 2020 година Извршниот директор примаше нето плата од 1200 евра без додаток за минат труд на месечно ниво, а неизвршните членови на Одборот на директори примаа награди согласно Одлуката на Собрание на акционери бр.0201-80 од 21.08.2018 година.

ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2020 и 2019 ГОДИНА

Во рамките на работењето на АД Раде Кончар-Апаратна техника, во деловната 2019 година како и во однос на претходната година постигнати се следните резултати :

	2020	2019
Добивка пред оданочување	29.467.881	29.214.513
Данок на добивка	1.266.817	1.575.214
Нето добивка за финансиска година	**28.201.064**	**27.639.299**

1. БИЛАНС НА УСПЕХ НА 31.12.2020 ГОДИНА

ОПИС	2020	2019
Приходи	**36.326.170**	**36.157.281**
Приходи од дивиденди	17.867.065	14.614.115
Приходи од продажба на хартии од вредност	12.290.649	12.410.053
Удел во добивката на придружни ентитети	3.760.981	6.796.144
Приходи од услуги и наемнини	2.377.945	2.336.969
Останати приходи	29.530	-
Расходи	**6.858.289**	**6.942.768**
- Трошоци за материјали и енергија	397.176	358.536
- Бруто плати	1.351.416	1.334.958
- Амортизација	577.116	573.461
- Останати трошоци од работење	4.532.581	4.675.813
Добивка пред оданочување	**29.467.881**	**29.214.513**
- Данок од добивка	**1.266.817**	**1.575.214**
Нето добивка за финансиска година	**28.201.064**	**27.639.299**

Структурата на капиталот на АД Раде Кончар-Апаратна техника на 31.12.2019 година е следната:

2. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ

	2020	2019
Запишан капитал	211.974.297	211.974.297
Реваловризациони резерви	53.698.545	63.167.923
Резерви	27.611.615	27.611.615
Акумулирана добивка	3.452.386	1.898.120
Нето добивка за финансиска година	28.201.064	27.639.299
Вкупен капитал и резерви	**324.937.907**	**332.291.254**

Акционерското друштво навремено ја исплати дивидендата на своите акционери, редовно ги подмируваше месечните трошоци по однос на плата и награди, услуги, закупнини, даноци и сите давачки согласно закон.

ВЛОЖУВАЊЕ ВО ПРИДРУЖНИ ЕНТИТЕТИ

Како вложувања во придружни ентитети на 31 декември 2020 година, преставуваат капитална инвестиција во:

-ДОО Раде Кончар-Конактори и релеи (40% сопственост)
-ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности (40% сопственост)

ДОО Раде Кончар Заеднички дејности во кое АД Раде Кончар- Апаратна техника има удел од 40% во деловната 2020 година оствари вкупен приход **од 37.289.839,00 и вкупни расходи од 19.244.007,00 денари, односно бруто добивка од 18.045.832,00 денари или нето добивка од 16.467.336,00**
ДОО Раде Кончар - Контактори и релеи во кое АД Раде Кончар- Апаратна техника има удел од 40% во деловната 2020 година оствари вкупен приход од 218.636.741,00 **денари и вкупни расходи 195.740.601,00 денари, односно бруто добивка од 22.896.140,00 денари или нето добивка од 21.368.725,00 денари.**

Наведените податоци на Акционерското друштво му беа презентирни и доставени од страна на наведените друштва.

СУДСКИ СПОРОВИ – ПОСТАПКИ

-Судски спор по Тужба за надомест на штета, по член 241 од ЗТД, поднесена од АД Раде Кончар-Апаратна техника како Тужител, против управителот на ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи-Антевски Аце поради настаната штета по основ на штетно работење на формираното друштво, Смелт Инг-Скопје, исплата на неосновано зголемена плата, неосновани исплати по договори на дело, советодавни услуги со ДООЕЛ Раде Кончар-ТЕП и сл. Вредноста на овој спор според тужбеното барање е 23.230.846,00 денари. Овој спор делумно е завршен со правосилна пресуда на Апелациониот суд ГЖ бр.1542/15 од 20.01.2016 година во корист на Тужителот и наплатен е износ од 8.969.098,00 денари.
До Врховвниот суд на РМ поднесоа ревизија и Тужителот и Тужениот при што Тужениот поднесе ревизија во усвоениот и досуден дел, а Тужителот поднесе ревизија во одбиениот дел. Врховниот суд на РМ на 13.09.2017 година донесе Пресуда Рев 2 183/2016 со која Ревизијата на Тужениот ја одби како неоснована со

што го потврди пресудениот и наплатениот дел, а Ревизијата на Тужителот ја уважи при што предметот го врати на повторно одлучување само во одбиениот дел. При повторното одлучување Првостепениот и Второстепениот суд го одбија тужбеното барање за што од страна на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје е поднесена ревизија до Врховниот суд каде постапката е во тек.

-Тужба поднесена од АД Раде Кончар-Апаратна техника, против управителот на ДОО Раде Кончар-Сервис и поправка на електрични производи-Антевски Аце и управителот на ДООЕЛ Раде Кончар-ТЕП-Антевски Горан, во вредност на спор наведен во тужбата во износ од 4.907.443,00 денари, за надомест на штета согласно чл.241 од ЗТД, која произлегува од неосновано исплатени плати,награди , договори на дело и други исплати кои произлегуваат од менаџерските договори. Постапката е во тек.

-Тужба поднесена против управителот на ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи Скопје-Антевски Аце и управителот на ДООЕЛ Раде Кончар ТЕП-Антевски Горан, за надомест на штета во износ од 15.849.186,00 денари, по член 241 од ЗТД која произлегува од продажбата на акции издадени од АД Раде Кончар Апаратна Техника и констатирани нерегуларности по Записник на УЈП за извршена надворешна контрола на ДДВ кај ДОО Раде Кончар - Сервис и поправки на електрични производи Скопје, со која контрола од страна на УЈП беше утврден неевидентиран промет од 26.790.210,00 денари, неплатен ДДВ, данок на добивка и персонален данок. Постапката е во тек.

ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО

Согласно Статутот на Акционерското друштво, членовите на Одборот на директори се со мандат од 1 (една) година, па нормално е да се очекуваат планови на пократки рокови за акционерското друштво.
Со цел акционерското друштво да работи позитивно и да остварува добивка во вакви услови на стопанисување потребно е да се превземат следните мерки:

-Остварување на приходи од дивиденда од вложени средства во удели и хартии од вредност

Акционерското друштво ќе се стреми вложените средства во хартии од вредност да ги оплодува преку добиената дивиденда и со истата да овозможи пласман во нови хартии од вредност со редовно пратење на финансиските резултати на друштвата во кои има инвестирано.

-Остварување на приходи од капитална добивка

Акционерското друштво ќе се стреми да остварува капитални добивки на Македонска берза, преку купопродажба на хартии од вредност и остварување на разлика во цена на хартиите од вредност во друштвата кои покажуваат ликвидност и сигурен пораст на своите хартии од вредност, како и изнаоѓање на други начини за остварување на капитални добивки по однос на капиталот кој го поседува АД и има потенцијал за понатамошно искористување и оплодување. Ваквата можност на акционерскто друштво во голема мера ќе зависи и од исходот на судски постапки во кои друштвото е странка, а во случај на позитивен исход и наплата на побарувањата за кои се води спор, друштвото ќе располага со средства кои би можело да се искористат за вакви цели.

-Остварување на приходи од поднесени тужби и заведени судски спорови

Акционерското друштво ќе се стреми започнатите судски спорови да се решаваат во најкус можен рок, без разлика дали се работи за спорови во кои Акционерското друштво е тужена страна или е тужител, а се со цел да се намалуваат судските и адвокатските трошоци по однос на истите. Наплатата на побарувањата секако ќе влијае на деловните резултати на друштвото, а воедно ќе биде дополнителен приход за Акционерското друштво кој ќе може понатаму да се оплодува.
Од средствата што би се наплатиле и во наредниот период од евентуалниот позитивен исход на судските предмети, ќе се создадат претпоставки и можност за распределба на поголема дивиденда за акционерите, како и за превземање активности кои позитивно ќе влијаат на идниот развој на друштвото.

- Објектот - деловна зграда бр. 5 да биде во функција и приходување од изнајмување на деловниот простор
Акционерското друштво ќе продолжи да приходува од изнајмување на деловниот простор во објектот.

Одборот на директори и во иднина ќе се стреми со минимални трошоци да ја одржува ликвидноста на друштвото, да ја зголеми добивката со приходи од повеќе основи.
Акционерското друштво ќе продолжи да ги поддржува иницијативите на друштвата во склоп на Раде Кончар за капитално поврзување со стратешки партнери од земјата и странство, а се со цел за подобрување на производните програми, производство и пласман на поголеми количини на производи и услуги, како и можностите за продавање на дел од друштвата или формирање на мешовити компании. На ваков начин ќе се подобри позицијата на друштвата во склоп на Раде Кончар, ќе се внесат свежи и ликвидни средства, ќе се зголемат капацитетите на друштвата како и обемот на производство, што секако ќе придонесе за поголема афирмација на брендот Раде Кончар.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА АД:

Јана Стојкова Каневче , Претседател

.....

Татјана Лазаревски, Извршен директор

.....

Корина Киријас Џалева, Неизвршен член

.....

Горан Јанчиќ, Неизвршен член

.....

Татјана Вељковиќ, Неизвршен член

.....

ПРИЛОГ 2 – ГОДИШНА СМЕТКА

ЕМБС: 04053222
Целосно име: Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје
Вид на работа: 450
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2020

Листа на прикачени документи:
Објаснувачки белешки

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
1	- - АКТИВА: А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (002+009+020+021+031)	298.067.184,00			309.255.932,00
9	- - II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (010+013+014+015+016+017+018+019)	44.767.658,00			44.837.503,00
10	- - Недвижности (011+012)	44.642.701,00			44.699.462,00
11	- - Земјиште	8.069.769,00			8.069.769,00
12	- - Градежни објекти	36.572.932,00			36.629.693,00
13	- - Постројки и опрема	124.957,00			138.041,00
21	- - IV. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (022+023+024+025+026+030)	253.299.526,00			264.418.429,00
23	- - Вложувања во придружени друштва и учества во заеднички вложувања	130.494.896,00			137.622.655,00
26	- - Вложувања во долгорочни хартии од вредност (027+028+029)	122.804.630,00			126.795.774,00
28	- - Вложувања во хартии од вредност расположливи за продажба	122.804.630,00			126.795.774,00
36	- - Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (037+045+052+059)	32.771.580,00			28.214.892,00
45	- - III. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (046+047+048+049+050+051)	6.032.255,00			7.140.880,00
47	- - Побарувања од купувачи	114.235,00			57.305,00
49	- - Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати)	5.918.020,00			7.083.575,00
59	- - V. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061)	26.739.325,00			21.074.012,00

60	- - Парични средства	26.739.325,00			21.074.012,00
63	- - ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА (001+035+036+044+062)	330.838.764,00			337.470.824,00
65	- - ПАСИВА : А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078)	324.937.907,00			332.291.254,00
66	- - I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА	211.974.297,00			211.974.297,00
70	- - V. РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА	53.698.545,00			63.167.923,00
71	- - VI. РЕЗЕРВИ (072+073+074)	27.611.615,00			27.611.615,00
72	- - Законски резерви	27.611.615,00			27.611.615,00
75	- - VII. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА	3.452.386,00			1.898.120,00
77	- - IX. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА	28.201.064,00			27.639.299,00
81	- - Б. ОБВРСКИ (082+085+095)	5.900.857,00			5.179.570,00
95	- - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до 108)	5.900.857,00			5.179.570,00
97	- - Обврски спрема добавувачи	77.584,00			74.677,00
99	- - Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести на плати				71.746,00
100	- - Обврски кон вработените				213.452,00
106	- - Обврски по основ на учество во резултатот	5.244.334,00			4.819.695,00
108	- - Останати краткорочни обврски	578.939,00			
111	- - ВКУПНО ПАСИВА : ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110)	330.838.764,00			337.470.824,00

Биланс на успех

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
201	- - I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)	2.377.945,00			2.336.969,00
202	- - Приходи од продажба	2.377.945,00			2.336.969,00
207	- - II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222)	6.858.289,00			6.942.768,00
208	- - Трошоци за суровини и други материјали	397.176,00			358.536,00
211	- - Услуги со карактер на материјални трошоци	679.382,00			767.909,00
212	- - Останати трошоци од работењето	3.800.471,00			3.863.290,00
213	- - Трошоци за вработени (214+215+216+217)	1.404.144,00			1.379.572,00

214	- - Плати и надоместоци на плата (нето)	885.600,00			880.659,00
215	- - Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата	87.432,00			87.184,00
216	- - Придонеси од задолжително социјално осигурување	378.384,00			367.113,00
217	- - Останати трошоци за вработените	52.728,00			44.616,00
218	- - Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	577.116,00			573.461,00
223	- - III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)	30.187.244,00			27.024.168,00
224	- - Финансиски приходи од односи со поврзани друштва (225+226+227+228)	10.397.263,00			7.461.607,00
225	- - Приходи од вложувања во поврзани друштва	10.397.263,00			7.461.607,00
229	- - Приходи од вложувања во неповрзани друштва	7.469.802,00			7.152.508,00
233	- - Останати финансиски приходи	12.320.179,00			12.410.053,00
244	- - Удел во добивката на придружените друштва	3.760.981,00			6.796.144,00
246	- - Добивка од редовното работење (201+223+244)-(204-205+207+234+245)	29.467.881,00			29.214.513,00
250	- - Добивка пред оданочување (246+248) или (246-249)	29.467.881,00			29.214.513,00
252	- - Данок на добивка	1.266.817,00			1.575.214,00
255	- - НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (250-252+253-254)	28.201.064,00			27.639.299,00
257	- - Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ)	1,00			1,00
258	- - Број на месеци на работење (во апсолутен износ)	12,00			12,00
259	- - ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ПЕРИОД	28.201.064,00			
260	- - Добивка која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво	28.201.064,00			
269	- - Добивка за годината	28.201.064,00			27.639.299,00
271	- - Останата сеопфатна добивка (273+275+277+279+281+283) - (274+276+278+280+282+284)				19.141.533,00
272	- - Останата сеопфатна загуба (274+276+278+280+282+284) - (273+275+277+279+281+283)	9.469.378,00			
275	- - Добивки од повторно мерење на финансиски средства расположливи за продажба	5.857.491,00			16.439.698,00
280	- - Промени на ревалоризациските резерви за нетековни средства	11.918.129,00			
283	- - Удел во останата сеопфатна добивка на придружени друштва (само за потреби на консолидација)				2.701.835,00

284	- - Удел во останата сеопфатна загуби на придружени друштва (само за потреби на консолидација)	3.408.740,00			
286	- - Нето останата сеопфатна добивка (271-285)				19.141.533,00
287	- - Нето останата сеопфатна загуби (285-271) или (272+285)	9.469.378,00			
288	- - Вкупна сеопфатна добивка за годината (269+286) или (286-270)	18.731.686,00			46.780.832,00
289	- - Сеопфатна добивка која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво				46.780.832,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Претходна година
609	- - Земјишта	8.069.769,00			8.069.769,00
612	- - Сегашна вредност на градежни објекти од високоградба кои се користат за вршење дејност (< или = АОП 012 од БС)	36.572.932,00			36.629.693,00
615	- - Сегашна вредност на компјутерска опрема (< или = АОП 013 од БС)	124.957,00			
628	- - Останати побарувања од нефинансиски трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни препријатија во земјата (< или=АОП 034+ АОП 046+ АОП 047+АОП 051+ АОП 062 ОД БС)	114.235,00			
629	- - Останати побарувања од органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ,ФЗОРСМ,АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет (< или= АОП 034+АОП 035+АОП 047+АОП 049+АОП 051+АОП 062 ОД БС)	5.918.020,00			
631	- - Основна главнина (сопственички капитал) во удели поседувани од други трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни препријатија во земјата (< или =АОП 065 од БС)	324.937.907,00			332.291.254,00
636	- - Обврски по основ на набавка на стоки и услуги и аванси примени од органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ,ФЗОРСМ,АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет (< или =АОП 096+АОП 097+ АОП 098+АОП 108 ОД БС)	77.584,00			
637	- - Останати обврски кон нефинансиски трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни препријатија во земјата (< или=АОП 092+АОП 093+АОП 096+ АОП 106+ АОП 107+АОП 108+ АОП 109 ОД БС)	5.823.273,00			

640	- - Приходи од продажба на стоки и услуги (АОП 641+ АОП 642) (< или = АОП 202 од БУ)	2.377.945,00			2.336.969,00
642	- - Приходи од продажба на услуги (< или = АОП 202 од БУ)	2.377.945,00			2.336.969,00
666	- - Приходи од дивиденди	17.867.065,00			14.614.115,00
669	- - Огрев, гориво и мазива (< или = АОП 208 од БУ)	31.640,00			32.586,00
671	- - Канцеларискиматеријали (< или = АОП 208 од БУ)	26.367,00			17.408,00
675	- - Вода (< или = АОП 208 од БУ)	125.948,00			76.620,00
676	- - Потрошена електрична енергија (< или = АОП 208 од БУ)	213.221,00			231.922,00
682	- - ПТТ услуги во земјата (< или = АОП 211 од БУ)	45.523,00			45.225,00
685	- - Производствени и занаетчиски услуги (< или = АОП 211 од БУ)	364.251,00			438.185,00
686	- - Наемнини за деловни простории во земјата (< или = АОП 211 од БУ)	269.608,00			284.499,00
698	- - Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци (< или = АОП 217 од БУ)				44.616,00
707	- - Трошоци за надомест и други примања на надворешни членови на управен и надзорен одбор, одбор на директори и управители	1.681.128,00			1.681.128,00
709	- - Репрезентација (< или = АОП 212 од БУ)	51.378,00			163.079,00
710	- - Премии за осигурување на имот (< или = АОП 212 од БУ)	31.140,00			28.041,00
711	- - Надомест за банкарски услуги (< или = АОП 212 од БУ)	25.247,00			34.052,00
715	- - Надоместоци за повремени и привремени работи (< или = АОП 217 од БУ)	573.341,00			44.616,00
717	- - Останати трошоци на работењето (< или = АОП 212 од БУ)	1.438.237,00			1.767.685,00
721	- - Исплатени дивиденди	25.660.394,00			83.895.836,00
722	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот	1,00			1,00
723	- - Просечен број на вработени во седиштето на субјектот врз основа на состојбата на крајот на месецот	1,00			1,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Нето за тековна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста	Претходна година

				за тековна година	
2474	- 64.20 - Дејности на холдинг-друштвата	34.180.829,00			
2491	- 68.20 - Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)	2.145.341,00			

Потпишано од:

Elizabeta Ribarova
kastorkonsalting@yahoo.com
CN=KibsTrust Qualified Certificate Services, OU=Class 2 Managed PKI Individual Subscriber CA, OU=Symantec Trust Network, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KibsTrust Qualified Certificate Services

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.